Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2024 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325- Жени, мир и безбедност, 2020– 2025 стратегиска рамка**

**Април, 2025 година**

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕДЕН ДЕЛ ..... 4

II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА ..... 4

II.1. **Стратегиска цел 1 Лидерство - Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и мажите.** ..... 4
Министерство за одбрана ..... 4
Министерство за внатрешни работи ..... 7
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија[1] ..... 8
Министерство за социјална политика, демографија и млади[2] ..... 8
Министерство за финансии ..... 8

II.2. **Стратегиска цел 2 Вклученост - Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите** ..... 9
Министерство за одбрана ..... 9
Министерство за социјална политика, демографија и млади ..... 12

II.3. **Стратегиска цел 3 Олеснување - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.** ..... 14
Министерство за одбрана ..... 14
Министерство за внатрешни работи ..... 15
Министерство за социјална политика, демографија и млади ..... 15
Министерство за финансии ..... 15

II.4. **Стратегиска цел 4 Заштита - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.** ..... 16
Министерство за одбрана ..... 16
Министерство за внатрешни работи ..... 17

---

[1] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (СВ на Република Северна Македонија бр.121/2024 година) променето е името на Министерството

[2] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (СВ на Република Северна Македонија бр.121/2024 година) променето е името на Министерството

Министерство за надворешни работи и надворешна трговија ........ 19
Министерство за социјална политика, демографија и млади ........ 19
Министерство за правда ........ 19

II.5. Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата Жени, мир и безбедност ........ 21
Министерство за одбрана ........ 21
Министерство за внатрешни работи ........ 24
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија ........ 25
Министерство за социјална политика, демографија и млади ........ 27
Министерство за образование и наука ........ 27
Центар за управување со кризи ........ 28
Здружение на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) ........ 29

III. ЗАКЛУЧОК ........ 30

IV. ПРЕДИЗВИЦИ ........ 30

V. ПРЕПОРАКИ ........ 31

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции во 2024 година ........ 32

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции во 2024 година ........ 33

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2024 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325- Жени, мир и безбедност, 2020– 2025 стратегиска рамка**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Работната група за координација, мониторинг и евалуација за имплеменатција на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка (РГ за КМиЕ) го изработи Четвртиот годишен извештај за степенот на реализација на активностите согласно оперативните планови за имплементација на Вториот НАП за 2024 година. Работната група е задолжена да спроведува координација со институциите на национално и локално ниво со цел верификација, хармонизација и поддршка, како и да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од задолжените институции.

## II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Вториот Национален акциски план за Резолуцијата на ОН 1325 -Жени, мир и безбедност, се имплементира согласно активностите проектирани во оперативните планови за 2024 година од страна на задолжените институции а во насока на исполнување на 5-те стратегиски цели дефинирани во Вториот НАП:

1. Лидерство,
2. Вклученост,
3. Олеснување,
4. Заштита, и
5. Координација, образование и обука,

II.1. **Стратегиска цел 1 Лидерство-**Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во текот на 2024 година беа реализирани настани и активности кои што беа во насока на исполнување на првата стратегиска цел во Министерството за одбрана и Армијата.

**Во делот на специфична стратешка цел 1.1**–Зголемување на бројот на жените на лидерски позиции во одбраната, евидентирани се активности кои што покажуваат резултати на зголемено учество на жените на лидерски позиции во одбраната, надминати стереотипи и предрасуди, како и имплементација на родовиот принцип во системот за развој на кариерата на лидерите, а посебно истакнуваме дека:
-На 12 мај 2024 година на функцијата претседател на Република Северна Македонија стапи професорката Гордана Сиљановска Давкова, воедно и прва жена претседател на државата и прва жена врховен командант на Армијата, за прв пат од независност на државата. На денот на нејзината инагурација таа имаше официјално обраќање во Парламентот на Република Северна Македонија и при тоа обраќањето го посвети на жените со цел да ги инспирира дека е можно во земјата и жена да стане претседател на државата, а при тоа означувајќи реформаторски чекори во историјата. Претседателката порача дека ќе се води пред се од принципот на стручност и компетентност, со акцент на подеднакво вклучување на жените и мажите во општеството.
Всушност со самото гласање за жена претседател на држава од страна на мнозинството народ се презентираше кршење, односно ослободување од стериотипите и предрасудите на национално ниво.

**Во специфична стратешка цел 1.2**–Зголемување на бројот на жените лидери во мировни мисии, регионални и меѓународни организации и одбранбено дипломатските претставништва:
-Во месец јануари во организација на Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор-ДЦАФ и граѓанската организација УНИ-ФОРМ во „Europe House" во Скопје се одржа панел-диксусија на тема „Родовите перспективи во одбраната", на која учествуваа координаторката за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана и координаторката на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка. Панелот беше организиран со цел да се подигне свеста за родовите прашања во безбедносните структури, унапредување на знаењето и вештините, подобрување на положбата на жените, лидерството од страна на жените, односно соочување со предизвиците и зголемување на бројот на жени на раководни позиции, како и учество во меѓународни мировни мисии.
Министерството за одбрана во последните две децении континуирано упатува персонал во меѓународни мисии и други меѓународни организации во странство, а при планирање на мисиите и при донесување на одлуки се зема предвид и родовата перспектива.
Процентот на жени-воен персонал од Армијата кои се упатени во меѓународни мировни мисии надвор од Република Северна Македонија во 2024 година изнесува 1,91% .

Во долу наведената табела се прикажани проценти на упатени жени од Армијата на Република Северна Македонија во меѓународни мисисии во период од 2021 до 2024 година, при што може да се воочи дека процентите варираат а тоа е резултат на повеќе фактори (како на пример: завршување на времетраењето на дел од меѓународните мисисии, промена на вкупна бројка на персонал кој што учествува во меѓународните мисисии, карактерот на мисијата и сл.)

| Упатен персонал од Армијата во меѓународни мисии | 2021 година | 2022година | 2023 година | 2024 година |
|---|---|---|---|---|
| жени | 6,5% | 2,78% | 4,62% | 1,91% |

Од Министерството за одбрана вкупно 3 жени се упатени на работа во Командата на НАТО во Брисел, Белгија и постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија.

**Во специфичната стратешка цел 1.3** - Зајакнување на капацитети на жени за лидерски позиции, го истакнуваме следното:

Министерството за одбрана ја препознава клучната улога за зајакнување на моќта на жените во општеството и се води од пристапот за исполнувањето на нашата меѓународна обврска кон Резолуцијата на ОН 1325 и Агендата-Жени, мир и безбедност. Во текот на 2024 година една жена беше упатена на Командно штабна академија во странство, што е предуслов за кариерен развој, односно поставување на одлучувачки позиции во МО и Армијата.
Жени кои што се административни службеници во Министерстото за одбрана (односно овластени лица во МО) се застапени со вкупно 48%, а на раководни позиции (категорија Б) се застапени со 54%, при што се бележи зголемување на процентот на жените во Министерството, компаративно со изминатата година, особено во категоријата Б има зголемување за 5% и категорија В има зголемување за 2% , но и во вкупниот процент за сите категории за 1%.
Вкупна застапеност на жените во Армијата е 11,99 %, што е највисок процент досега, а по категории состојбата е следна:

- жени офицери 21,67%,
- жени подофицери 11,99%,
- жени професионални војници 7,04% и
- жени цивилни лица 26,78%.

Од компаративниот преглед на застапеност на жени по категории во Армијата на Република Северна Македонија за период од 2021 до 2024 година, може да се забележи дека постои тренд на растење на вкупната бројка на жени во Армијата, а најголем растечки тренд има во категоријата на жени офицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

| ЖЕНИ во Армијата | **2021година** | **2022година** | **2023година** | **2024 година** |
|---|---|---|---|---|
| офицери | 16,54% | 18,08% | 18,85% | 21,67%, |
| подофицери | 10,98% | 11,67 % | 12,01% | 11,99%, |
| професионални војници | 5,54% | 5,86 % | 6,35% | 7,04% |
| цивилни лица | 33,99% | 30,15% | 29,78% | 26,78%. |
| ВКУПНО: | **10,15%** | **10,60%,** | **11,23%** | **11,99%** |

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфичната стратешка цел 1.1:** Еднакви можности за лидерство за жените и мажите на сите нивоа во Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) и Бирото за јавна безбедност (во понатамошниот текст: БЈБ), особено во процесот на донесување на одлуки на стратешко, оперативно и тактичко ниво:
-Во првата половина од 2024 година во организација на Здружението на жени од безбедносниот сектор УНИ-ФОРМ и со поддршка од ОБСЕ одржана е панел дискусија на тема „Родови предизвици во полицијата". Панел дискусијата е спроведена во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026). Целта на панел дискусијата беше да се слушнат мислења, ставови и идни перспективи за улогата на родот во полицијата, прашањата за родова еднаквост, родова застапеност, статусот на жените во полицијата, јакнење на капацитетите на организациските единици во полицијата за одговор на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, механизми за контрола врз работата на полицијата, спречување на злоупотреби и предлог мерки за унапредување на состојбата од родов аспект.
-Во втората половинаод 2024 година во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Подгорица, Р. Црна Гора, спроведено е стручно усовршување на тема „Жената во полицијата", на кое учествуваа 2 жени од МВР на Република Северна Македонија.

**Специфична стратешка цел 1.2:** Заштита од вознемирување на работно место:

-Во првата половина од 2024 година во рамките на МВР формирана е и отпочната со работа работна група чија задача е изготвување на Пропис за заштита од вознемирување на работното место, а чија примена ќе овозможи да се воспостават механизми за заштита од вознемирување на работното место во МВР. Во втората половинаод 2024 година статусот на донесување на овој Пропис е „во завршна фаза".

**Специфична стратешка цел 1.3:** Родова еднаквост при селекција и испраќање на учесници во меѓународни цивилни и мировни мисии.

-Во првата половина од 2024 година во рамките на МВР формирана е и отпочната со работа работна група чија задача е ревидирање на Правилникот за избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/07) од аспект на родова еднаквост при селекција и испраќање на учесници во меѓународни цивилни и мировни мисии.Во втората половинаод 2024 година согласно активностите на работната група за ревидирање на Правилникот статусот на истиот е „во завршна фаза“.

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија-МНРиНТ**

Министерството за надворешни работи, во 2024 година презема низа мерки за исполнување на одредените цели, а. пред се тоа беше постигнато преку унапредување на раководните позиции на жените како и нивно вклучување во сите важни процеси кои беа предводени од Министерството.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Воспоставен е механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците.
Донесен е Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 година во кој се содржани обуки планирани да бидат спроведени во Ресурсниот центар 2024 година.

**Министерство за финансии-МФ**

Во однос на првата стратешка цел, Министерството за финансии ги реализираше следните активности:
1. Континуирано следење на состојбата во Министерството за финансии, согласно статистички родово разделени податоци и спроведена анализа врз основа на добиените родово разделени податоци во рамки на министерството,
2. Анализа на улогата на институциите, надлежни за заштита на правото на еднакви можности и системот за заштита и поддршка на жените - компаративна анализа,
3. Зајакнување на свеста за механизмите законодавство и за заштита
4. Јакнење на нивото на едуцираност во однос на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.
Во врска со првонаведената активност, Министерството за финансии редовно на месечна основа, врши анализа на податоци за родова застапеност по категории на персонал и податоци за родова застапеност на раководни позиции и по однос на останати индикатори. Во насока на претходно изнесеното, приложените родово разделени податоци се однесуваат за периодот од јануари-декември 2024 година и

истите се добиени согласно тековните и ажурирани анализи и статистики од страна на Секторот за управување со човечки ресурси, при Министерството за финансии. Сублиматот од родово разделените податоци кои се однесуваат на родова застапеност по категории на персонал и податоци за родова застапеност на раководни позиции во Министерството, за известувачкиот период, резултираше со следните заклучоци:
Во контекст на соодносот на родова застапеност на раководни позиции во Министерството, нотирана е предност во однос на процентуалната застапеност на жени, во 2024 година, односно истата се движи помеѓу 64% и 63% во однос на застапеноста на мажи на раководни позиции. Процентуалната застапеност на жени како стручен кадар, се движи помеѓу 62% и 64%, на жени во однос на мажи, додека пак статистичките податоци на застапеноста на жените во однос на мажите како помошно-стручен персонал е околу 65%. Анализата на родовата застапеност во поглед на помошно-техничките лица во Министерството, резултира со заклучок дека во оваа група процентуалната застапеност е околу 60% жени. Оттука, согласно последните податоци и анализа на родовата застепност на жени во Министерството, може да се констатира дека процентуалната застапеност на жени како на раководни позиции, така и на останатите работни позиции е во позитивна рамка и истата е во варијација од 62% до 64%, во однос на процентуалната застапеност на мажи.

Во однос на втората и третата активност кои треба да бидат спроведени преку реализирање на компаративна анализа на системите на унапредувањето на заштитата и поддршката на правата на жените, како и одржување на онлајн презентација во однос на заштита на правото на еднаков третман, како што беше потенцирано и во претходниот извештај, реализацијата на истите се praместува за кварталот кога ќе се создадат услови за одржување на претходно навестените работилници, при што би можеле да се остварат консултации и соработка со останатите институции, односно да се делува интеринституционално во реализирањето на активностите кои се од едукативен карактер (тренинзи, презентации и слично).

II.2. <u>**Стратегиска цел 2 Вклученост**</u> - Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 2** – Вклученост, која се однесува на транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите, Министерството за одбрана овозможува одржлива и ефективна застапеност на жените на сите позиции во институцијата вклучувајќи ја и Армијата, поддржана од соодветни усвоени и имплементирани законски и подзаконски акти, политики, стратегии, процеси, овозможени услови за обука и образование. Со еднаквото вклучување на жените и на механизмите кои ја овозможуваат нивната вклученост се почитуваат и потврдуваат човековите права.

-Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија континуирано се врши инкорпорирање на принципот на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите во подзаконски документи.

Во 2024 година во Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/24“) инкорпориран е принципот на родова еднаквост и еднакви можности на жените и мажите. Согласно член 10 одредено е дека: (1) Законот има родово сензитивен пристап и еднаква применливост кај жените и кај мажите. (2) Сите поими во законот употребени во машки род, подразбираат исти поими во женски род. (3) Почитување на родовата еднаквост и начелото на еднакви можности на жените и мажите се применуваат во сите одредби утврдени во овој закон.

Исто така во Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 36/24) во член 54 одредено е дека: Синдикатите преку свои претставници се грижат за имплементација и спроведување на мерките за заштита на вработените од дискриминација, вознемирување, полово вознемирување и психичко вознемирување (мобинг) на работно место.

**Во делот на специфична стратешка цел 2.1 и 2.2** – Вклучување на жените и мажите во одбранбените процеси и афирмирање на жените во одбраната, реализирани се следните активности за постигнување на дефинираните резултати:

-Во јануари беше реализирана on line сесија на тема: Длабоко нуркање на Балканот и интеграција на родовата перспектива со цел отворено да се дискутира на темата, на која што учествуваше еден сертифициран родов обучувач од Министерството за одбрана. Настанот беше во организација на Канцеларијата на родовиот советник во НАТО.

Стратешкиот концепт на НАТО ја нагласува стратешката важност на Западен Балкан за Алијансата и наведува дека НАТО ќе продолжи да ги поддржува евроатлантските аспирации на земјите во регионот преку зацврстување на напорите за зајакнување на капацитетите и на отпорноста против различните закани со кои се соочуваат. Денес регионот се соочува со голем број клучни безбедносни предизвици, вклучително и увозот и извозот на насилен екстремизам, експлоатација од криминални мрежи за трговија со луѓе, дрога и оружје, како и трајните етнички и конфесионални поделби кои се основа на билатерални спорови. Тие имаат непропорционално влијание врз жените и децата, а разбирањето на овие различни ефекти е критично за градење на регионалната безбедност и стабилност.

-Во март беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерство за одбрана и Сојуз-Национален совет за родова рамноправност во Република Северна Македонија, со цел соработка и имплементација на заеднички активности за промоција и

унапредување на родовата рамноправност и различностите на полето на мирот и безбедноста на национално и меѓународно ниво.

-Во мај од страна на Министерството за одбрана беше пополнет и доставен институционален извештај за напредокот, односно за имплементацијата на Пекиншката декларација и платформа за акција (BPfA) по повод 30-годишнината од Четврта светска конференција за статусот на жената. Истиот беше во контекст на подготовка на преглед и проценка на напредокот, како и предизвиците кои постојат во спроведувањето на BPfA од страна на Комисијата на Обединетите нации за статусот на жените на 69-та седница која беше планирана да се одржи во март 2025 година.

-На Воената академија во учебната 2024/2025 година, запишани се 22% жени од вкупниот број на примените кандидати/-ки.

-Во текот на 2024 година беа објавени и спроведени огласи за преим на офицери по служби во Армијата, од кои што 47% од вкупната бројка од примените кандидати беа жени.

-Во текот на 2024 година промовирани се одреден број на подофицери, поранешни професионални војници кои во Армијата ги докажаа своите способности, професионалност и мотивираност, од кои 10% се жени.

Во контекст на изнесеното, истакнуваме дека на конкурсите за запишување питомци/питомки на Воената академија, како и во огласите за прием на професионални војници и цивилни лица на служба во Армијата, конкурсите за стручно оспособување и усовршување на офицери по служби и др. има посебен параграф со кој девојките и жените се охрабруваат да се пријавуваат, а исто така подетално се потенцирани одредени специфични услови за прием на служба во Армијата кои треба да ги исполнат и мажите и жените.

Во стратешките документи како што е ДПРОС-Долгорочниот план за развој на одбранбени способности 2023-2032 е дефинирана „Соодветна и правична етничка и родова застапеност“ и во таа насока во Министерството и во Армијата се преземаат мерки за заштита на начелата на недискриминација, еднаквите можности на мажите и жените и соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците, врз основа на критериумите на стручност и компетентност. За потполно исполнување на оваа фокусна област за цел се предвидува: Родова перспектива во одбраната, односно инкорпорирањето на родовата перспектива и еднаквите можности на мажите и жените во одбраната која што е во согласност со стратешката определба на Владата, стратешките цели од Националниот план за акција за родова рамноправност, вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325–Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка и

НАТО политиките, сродни иницијативи и документи. Ова подразбира развивање на родовата еднаквост во сите сегменти од работните процеси и во управувањето со човечки ресурси.

-Во согласност со ДПРОС-от и годишните планови и потреби искажани од Армијата, се спроведуваат активностите за популаризација и прием на воената професија, при што се почитувааат принципите на инклузивност и недискриминација.
Имено, во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се применуваат бројни афирмативни мерки за привлекување персонал во одбранбениот систем, во согласност со План на активности за популаризација на воената професија заради привлекување персонал за служба во Армијата, при што во текот на 2024 година беа опфатени 99 средни училишта во општините на Република Северна Македонија. Активностите за популаризација на воената професија се спроведени од тимови составени од претставници од Министерството и Армијата во кои беше застапен и родовиот принцип, односно во секој тим имаше и жени и мажи-припадници на Армијата. Преку видеоприлози се презентирани лични приказни и изјави за работни ангажмани во Армијата и во меѓународните мисии во странство, со цел да се препознае една привлечна професија со нови предизвици.

-На веб-страницата на Министерството за одбрана се наоѓа подпрозорецот „Биди дел од Армијата/ Биди офицер/ Биди војник“, кој што има за цел да ја популаризира воената професија. Подпрозорецот е активен во континуитет и се ажурира со нови информации во врска со актуелните огласи, документи потребни за пријавување, услови и критериуми за селекција. Покрај ова, има брошури за доброволно служење на воен рок, за професионален војник, за прием на офицери, фото-галерија и видеоприкази насочени кон популаризирање на воената професија. Исто така информации за објавените конкурси за примање на нови кадри/питомци се дистрибуираат преку социјалните мрежи каде што Министерството за одбрана, Армијата и Воената академија се активно присутни – Facebook и Twitter.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Согласно Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 година, реализирани се осум од 11 планирани обуки за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање, степенот на реализација е 72%. На обуките учествуваа 136 административни службеници од кои 120 се жени и 16 мажи и тоа:

-Обука за вклучување на родовата перспектива на локално ниво и менторирање ја поминале 24 административни службеници од кои 21 се жени и 3 мажи. Целта на работилницата за размена на искуства и добри практики помеѓу координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од 21 единици за локална самоуправа (ЕЛС) во период 21-23.02.2024 година.

-Две обуки од модулот „Основна обука - родова еднаквост и воведување на родовата перспектива во јавните политики“ ја поминаа 37 административни службеници (33 жени и 4 мажи) од 21 институција. Обуките се спроведоа на 02-03 и 11-12 септември 2024 година.

-Две обуки за вториот модул „Обука за родово одговорно буџетирање“ се реализираа на 8-9 и 15-16 октомври 2024 година. Овие обуки ги поминаа 43 административни службеници од кои 37 беа жени и 6 мажи .

- Обуката од третиот модул „Обука за родово анализа“ се спроведе од 27- 29 ноември 2024 година, на која учествуваа 20 административни службеници , од кои 18 беа жени и 2 мажи.

-Две обуки за родово одговорно буџетирање – менторирање се одржаа на 06 ноември и 26 декември 2024 година. На обуките учествуваа 15 административни службеници од кои 14 беа жени и 1 маж.

Обуките од трите модули беа наменети за зајакнување на капацитетите на административни службеници со релативно кратко искуство во работата, односно учесници кои досега немале можност да се запознаат со концептите за родова еднаквост, родово одговорно буџетирање и родова анализа, а учествуваат во процесите на креирање на политики и програми во своите институции.

Со овие обуки беа опфатени 21 институција: Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија и труд, Државна изборна комисија, Комисија за односи со верски заедници, Агенција за заштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер, Државен архив, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Министерство за здравство, Министерство за европски прашања, Министерство за култура и туризам, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за јавна администрација, Министерство за спорт, Министерство за дигитална трансформација, Агенција за цивилно воздухопловство, Центар за управување со кризи, Државна комисија за спречување на корупција, Собрание на Република Северна Македонија – генерален секретар.

II.3. <u>**Стратегиска цел 3 Олеснување**</u> - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 3** – Олеснување, која се однесува на одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите, Министерството за одбрана во континуитет работи на процесите за интегрирање на родовата перспектива во законските и подзаконските акти, стратешки документи, програми и планови, а кои се во насока на исполнување на резултатите на **специфична стратешка цел 3.1**–Нормативно уредување за олеснување на работните ангажмани на жените во одбраната:

Согласно потпишаниот Договор (од 2022 година) за соработка помеѓу Министерството за одбрана и ДЦАФ, во 2023 година се отпочна со спроведувањето на процесот на родовата само-проценка (РСП) во Министерството и Армијата. Всушност, поцесот започна со прибирање на податоци во периодот мај–октомври 2023 година, од каде што произлезе прегледот и валидацијата на Извештајот од родовата самопроценка, како и изготвувањето на Родовиот акциски план во периодот јануари – март 2024 година.

За остварување на целта на РСП во Министерство за одбрана беше формирана Работна група со претставници од Министерството и Армијата и независни надворешни екпертки. Работната група координираше, следеше и даваше поддршка на целокупниот процес на родовата само-проценка.

Процесот на РСП (кој траеше од септември 2022 до март 2024 година) се одвиваше во четири фази, во согласност со Оперативниот динамички план, кој беше изготвен со цел систематизирање на процесот и предвидување на временската рамка, како и алоцирање на човечките ресурси потребни за успешно спроведување на процесот.

Како резултат на заложбите на Министерството и Армијата за унапредување на родовата еднаквост на институционално ниво, се изработи Извештај за статусот на спроведување на родовата само-проценка од кој произлегоа конкретни препораки за унапредување на родовата еднаквост, кој е составен дел на Родовиот акциски план како втор краен продукт од целокупниот процес за унапредување на родовата еднаквост во Министерството и Армијата.

Во Министерството за одбрана формирана е работна група за спроведување на Родовиот акциски план, односно Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 година-2028) кој содржи јасни насоки за понатамошните делување во областа преку преземање на конкретни чекори и активности.

-Во насоките и инструкциите кои беа доставени од Министерството за одбрана до сите секторите и до Армијата, за изработка на Предлог буџет беше дадена насока за вклучување на родовата димензија при планирањето на буџетите.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Специфична стратешка цел 3.1:** Запознавање/разбирање на различните улоги и потреби на жените и мажите во општеството:

- Во првата половина од 2024 година одржана е панел дискусија на тема „Улогата на жените во процесот на Реинтеграција преку рехабилитација ресоцијализација (РРР) со осврт на жените верски лидери. На панел дискусијата се опфатени прашања за легитимитетот на верските организации и нивната вклученост во целиот процес, а во таа смисла се опфатени и Националниот план за РРР и Програмата за РРР.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство отпочнат е процес за изготвување на осумгодишна Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жените и семејно насилство.

Во месец ноември одржан е состанок за работната група и утврдена е методологијата за работа. Во тек е собирање на сите релевантни материјали, извештаи, препораки кои треба да бидат база за поставување на стратешките цели. Имајќи предвид дека се работи за осумгодишна стратегија која ќе биде патоказ за постапување и подобрување на националниот одговор во борбата против родово-базираното насилство потребно е широк консултативен процес и вклучување на поголем број на заинтересирани страни. Оваа стратегија во текот на 2025 година ќе се подготвува и на крајот од годината треба да се усвои од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Министерство за финансии-МФ**

Од посебна важност е усвојувањето на Законот за буџети, од страна на Собранието на Република Северна Македонија (објавен со „Службен весник на РСМ бр.203/22, 76/24 и 272/24). Во одредбите од истиот дефинирани се родовото одговорно буџетирање, родово одговорниот буџетски извештај и родово одговорните индикатори, како и обврската на буџетските корисници да ги вклучат во буџетскиот циркулар родово одговорните индикатори како алатка за следење и мерење на напредокот кон постигнување родово одговорни цели, обврската на буџетските корисници при предлагање на нови прописи или акти насочени кон унапредување на родовата еднаквост да достават пополнета родово одговорна буџетска изјава, вклучување на збирен преглед на родовите одговорните буџетски извештаи во предлог-буџетот на државата и обврската на Министерството за финансии со завршната сметка да

достави извештај за родово одговорни индикатори и постигнати цели и резултати, преку што директно се зајакнува принципот на родова еднаквост.

II.4 <u>Стратегиска цел 4 Заштита</u> - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на **специфичната стратешка цел 4.1 и 4.2** – Унапредување на системот на поддршка и заштита на жените, кои претрпеле каков било облик на загрозување на безбедноста во конфликтни и постконфликтни состојби, кризни и вонредни ситуации, Министерството за одбрана презема чекори за наведената цел, и тоа:

-Во насока на континуирано функционирање на веќе воспоставениот интерен механизам, односно систем за заштита од вознемирување во МО и Армијата, во месец мај 2024 година и повторно во месец октомври 2024 година беа одредени овластено лице и заменик овластено лице за заштита од вознемирување на работно место во МО и Армијата, како и ажурирана Листа на посредници во случај на вознемирување и заштита од вознемирување на работно место. Овие податоци се достапни на веб страницата на Министерството за одбрана, во подпрозорецот „Стоп вознемирување“.

-Во месец јуни, во лабараторијата за психичко здравје при Воено медицинската Академија во Софија-Бугарија, три претставнички од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија учествуваа на експертските разговори на тема „NATO Policy on the Prevention, Management and Combating of Harassment, Bullying and Discrimanation in the Workplce“. Целта на експертските разговори беше размена на искуства во областа на спречување и заштита од вознемирување на работно место. Воедно беше презентирана изработената Методологија за психичко вознемирување на работно место, публикувана во 2022 година која ја применува Министерството за одбрана на Република Бугарија.

-Во Министерството за одбрана и Армијата континуирано функционира веќе воспоставениот систем за заштита од вознемирување на вработените, со сите достапни информации од оваа област и воспоставените интерни механизми преку Упатство и Водич за заштита од вознемирување на работното место за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.
Водичот содржи јасни пораки за нултата толеранција на вознемирување и поттикнува пријавување на вознемирување на работното место. Секој од вработените има право на заштита од вознемирување на работното место.
Во исто време, јасно и недвосмислено се охрабрува секој вработен да побара совет и помош и навремено да информира за неприфатливите форми на однесување кои претставуваат вознемирување. Водичот дава насоки секој вработен да се однесува

правилно, чесно и професионално и на начин на кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на индивидуално и институционално ниво.
На веб страницата на МО и Армијата, функционален е потпрозорецот „Стоп вознемирување“, каде што вработените можат подетално да се информираат за начинот, мерките и постапките за спречување и заштита од вознемирување на работно место. На овој начин, Министерството за одбрана транспарентно им овозможува на вработените да имаат пристап до сите информации од оваа област (законската рамка за заштита од вознемирување, како и механизмите за поддршка) и да можат да го преземат образецот за пријавување и да поднесат пријава, во случај на потреба.
Во насока на зајакнување на вештините и компетенциите на персоналот од МО и Армијата, од страна на сертифицирани обучувачи од Министерството за одбрана реализирана е една обука во месец ноември 2024 година за „Заштита од вознемирување на работно место и разрешување на конфликти“ за вкупно 17 учесници (15 жени и 2 мажи) во Центарот за обука „Д-р Џозев Крузел“-Скопје.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфична стратешка цел 4.1**: Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство, беа реализирани следните активности:

-Во првата половина од 2024 година одржани се неколку работни состаноци на Работна група формирана од Министер за внатрешни работи за изработка на мобилна апликација со дигитален прирачник за полициски службеници кои даваат прв одговор при пријава за семејно насилство и родово базирано насилство врз жени.

-Во првата половина од 2024 година одржани се неколку работни состаноци на претставници од МВР со лиценцирана фирма поддржувач на Проектот ИРДАМ/МЕИДА. На состаноците е разработен развојот и доработката на модулот за семејно насилство кој треба да биде составен дел од дигиталниот полицискиот систем МЕИДА-Модул за евиденција на инциденти, документи и активности. На состаноците се разработени и работните процеси на полициското постапување во врска со примање на пријава и одговор на пријава за семејно насилство, структурирање на образец за проценка на ризик и полициски извештај кои се составен дел на подзаконскиот акт за проценка на ризик, како и дефинирање на кои работни места треба да се распореди образецот (лиценциран пристап на полициски службеници до апликацијата).

-Во втората половина од 2024 година, во организација на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените спроведена е „Обука за полициски службеници кои постапуваат во случаи на семејно насилство“.

-Во втората половина од 2024 година, во организација на ХЕРА и УСАИД спроведена е обука за „Почетна едукација на професионалци за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство“.

**Специфична стратешка цел 4.2:** Превенција на родово базирано насилство и семејно насилство:

-Во првата половина од 2024 година од страна на во Бирото за јавна безбедност-БЈБ извршени се шест стручни надзори во Секторите за Единицата за стратешко планирање стандарди и контрола на квалитет (ЕСПСКК) внатрешна контрола во БЈБ, преку кои е извршена контрола од областа на постапувањето на полициските службеници по пријавите за семејно насилство. По извршените надзори и констатираните состојби во организациските единици од страна на ЕСПСКК дадени се соодветни насоки за унапредување на постапката и соработката на полицијата со институциите и здруженијата надлежни за постапување во случаи на насилство врз жени и семејно насилство.

-Во првата половина од 2024 година на покана од Македонското женско лоби во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите  и клубот на пратенички при Собранието на Република Северна Македонија, претставници од БЈБ учествуваа на Конференција на тема „Превенција и заштита од насилство врз жени и девојчиња - Регулатива, имплементација и реалност“. Целта на конференцијата беше да се дадат насоки за превентивно делување и препораки до надлежните институции кои секојдневно се соочуваат со прашањето на насилство врз жени и девојчиња, како и доследна имплементација на законските и подзаконските акти и инкриминирање на психолошкото насилство.

-Во првата половина од 2024 година имаше учество на претставничка од МВР на панел дискусија организирана  со поддршка од УНФПА во рамките на активноста „Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија“ која што се спроведува со цел поддршка на Владата во воспоставување и имплементирање на интегрирани политики за родово базирано насилство во согласност со принципите на Истанбулската конвенција. Целта на панел дискусијата беше да се потенцираат слабостите на системот и да се испланираат следните чекори за унапредување на системот на заштита и превенција. Како заклучоци од панел дискусијата предложени се сет мерки за превенција и заштита, континуирани обуки за професионалците на прва линија на одговор (полиција, социјални работници, здравствени работници и наставници, како и подобрување на интер-секторската соработка.

**Специфична стратешка цел 4.3:** Зголемена транспарентност во насока на превенција на родово базирано и семејно насилство:

-Во втората половина од 2024 година во организација на МСПДиМ извршено е стручно усовршување на еден претставник од МВР на тема „Родово одговорно буџетирање“.

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија-МНРиНТ**

Во делот на стратешка цел-заштита, согласно статутот на државни службеници на вработените во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, со Кодексот за државни службеници (член 9- недискриминација) дополнително со општа формулација којашто предвидува недискриминација „по било кој основ", се регулира заштита, превенцијата и спречувањето на секаков обид за непочитување и дискриминација по родова основа.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

- Од 21-22 мај 2024 година се спроведе обука чија цел е зголемување на знаењето за постапување по нови Стандардни оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе (ТЛ) и постапување во најдобар интерес на децата жртви на ТЛ. Показател на успешност се однесува на навремено идентификувани ЖТЛ, нивна заштита и згрижување со што се унапредува и функционирањето на НМУ[3] . На обуката учествуваа 42 претставници од МВР, Единица за БТЛ, и СВР инспектори од насилен криминал, мобилни тимови и судии.

- Одржана обука 12- 15 јуни 2024 година во Крушево со вкупно 35 учесници од кои претставници на ЦСР или социјални работници 10, инспектори од ЕБТЛ 13, јавен обвинител 1, истражител 1, здруженија на граѓани 8 и меѓународни организација (ГИЗ) 2, од кои 15 жени и 20 мажи.

- На 3-4 декември 2024 година, во соработка со ОБСЕ се одржа обука на претставници од Центрите за социјална работа во хотелот Арка во Скопје со цел градење на капацитетите во борбата против трговијата со луѓе.

**Министерство за правда-МП**

1.Во однос на стратешка цел 4: Заштита, **специфична стратешка цел 1.1:** Обезбедување на заштита и надоместок на жртви на кривични дела со насилство: 1.1.1. Усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди за жртвите на кривични дела преку обезбедување на право на материјална и нематеријална штета од државен фонд:

Со Решение бр.41-1524/3 од 13.02.2024 година донесено од Влада на Република Северна Македонија формиран е составот на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, додека со правен статус регистриран во Централен регистар се стекна на 07.08.2024 година.

[3] НУМ е рамка за соработка и координација помеѓу ЦСР, МВР и здруженија на граѓани

Комисијата одржа 14 седници на кои се разгледаа прашања меѓу кои и за спроведување на обуки, обезбедување транспарентност и отчетност во работењето и постапувањето на Комисијата преку доставување на годишни извештаи до Владата на Република Северна Македонија, јавност во работењето, начинот за водење на евиденција на поднесени барања и број на донесени решенија.

Промовирана е веб страница на Комисјата за паричен надоместок од кривично дело со насилство: www.komisijazanadomestoknazrtvi.mk На веб страницата се објавени водич и брошури кои треба да овозможат остварување на правото на надомест согласно одредбите на законот.

-**Специфична стратешка цел 1.2:** Анализирана и ревидирана правна рамка на одредбите кои го регулираат насилството врз жените: 1.2.1.Превенција на насилството врз жените преку обезбедување поефикасни правни инструменти:

-Обука за обучувачи за БПП-бесплатна правна помош (со дополнително посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и постапување во предмети со трговија со луѓе) наменета за адвокати, како даватели на секундарна правна помош:

**Реализирани активности:**

-Вкупно 35 адвокати беа обучени како обучувачи на тема: „Обезбедување бесплатна правна помош во Северна Македонија" за време на петдневната обука за обучувачи (ТоТ), која се одржа од 22 до 26 јануари 2024 година, како и дополнителната обука одржана од 16 до 19 февруари 2024 година во просториите на Образовниот центар на Адвокатската комора. За време на обуката, учесниците имаа можност да ги подобрат своите презентациски и комуникациски вештини преку практични вежби и одржување обуки пред своите колеги за теми поврзани со бесплатната правна помош користејќи различни техники и симулации. Обуката вклучуваше посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и постапување во предмети со азил и трговија со луѓе.

-Обука за обучувачи за бесплатна правна помош (со дополнително посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и постапување во предмети со трговија со луѓе) наменета за овластените правни клиники и овластените здруженија на граѓани (како даватели на примарна правна помош) на жените од ранливи категории:

**Реализирани активности:**

-Петдневна обука за обучувачи на тема: „Обезбедување на бесплатна правна помош во Северна Македонија" се одржа од 15 до 19 април 2024 година во просториите на Правната клиника во Штип. (18 обучени претставници од правни клиники и здруженија на граѓани регистрирани за БПП).

-Една каскадна обуки за бесплатна правна помош за студенти од правните клиники и претставници од овластените здруженија на граѓани:

Обуката за правните клиники на тема „Обезбедување бесплатна правна помош во Северна Македонија“ се одржа на 16 декември 2024 година во соработка со Правната клиника при Правниот факултет во Штип. (20 обучени студенти).

-Во 2024 година донесен и објавен на веб страната на Министерство за правда Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2023 година;

-1.2.2.Градење на капацитети и подигната свест за практична примена на одредбите од Истанбулската Конвенција. Активноста е реализирана со спроведување на обука во Академијата за судии и јавни обвинители во 2024 година.

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на стратегиска цел 5 - Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за Агендата-Жени, мир и безбедност, посебно во с**пецифична стратешка цел 5.1** – Зајакнување на знаење за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325, евидентирани се следните позначајни активности:

-Во февруари родова обучувачка од Министерството за одбрана беше ангажирана во организација и реализација на две-неделна „Обука за родови обучувачи“ во својство на обучувач и лидер на синдикална група, која беше наменета за воени лица-претставници од војската на Јордан. Обуката беше реализирана во Хрватска, а во организација на Центарот за безбедносна соработка RACVIAC-Загреб, Република Хрватска и во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM). Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со знаења и вештини, односно да се здобијат со сертификат за родови обучувачи, при што истото беше постигнато.

-Во март од страна на Сојуз – Национален совет за родова рамноправност во просториите на Јавна Соба во Скопје беше одржана работилница на тема „Улогата на младите жени во промовирањето на мирот и безбедноста во нивните заедници“, на која што учество со предавање и споделувања на искуства имаа координаторката за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за одбрана и координаторката на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка.

Работилницата имаше за цел да се истакне улогата на младите жени во процесите на застапување на мир и безбедност во заедниците, со акцент на решавањето на конфликти и поднесување на мировни иницијативи. Преку интерактивна сесија со присутните на работилницата-студентки од Факултетот за безбедност при УКИМ, им беше посочено ефикасно да ги употребат своите потенцијали и да бидат катализатори на позитивни промени во нашата држава.

Всушност, долгогодишното искуство, богато знаење и експертиза од страна на координаторките беше преточено во предавања и дискусии со цел да придонесат во дијалогот со младите жени, односно да ги мотивираат присутните активно да се вклучат во процесите на градење на безбедноста и мирот, земјаќи ги предвид можностите и предизвиците со кои се соочуваат младите жени.

-Во месец март во Белград-Србија беше одржан првиот регионален состанок на асистенти/технички администратори на on line курсот кој што се одржа во организација на UNDP/SEESAC, а учествуваше еден сертифициран родов обучувач од Армијата. На состанокот се заклучи дека потребно е да се имплементира курсот како финален продукт и како алатка за вработените од Министерството и Армијата. Потребата од наведениот состанок произлезе како резултат на оддржаниот седми регионален состанок на сертифицирани родови обучувачи од Западен Балкан, одржан во месец мај во 2023 година во Вршац, Србија каде што првично беше промовиран on line курсот за родова еднаквост и родова перспектива.

-Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет се зајакнува родовата свест преку изведување на родови обуки, односно семинари за персонал од МО и Армијата, за таа цел во месец октомври 2024 година беше одржан семинар за административни службеници и воени лица од МО на тема: „Родова перспектива и Втор НАП за имплементација на Резолуција на ОН 1325-Жени, мир и безбедност". Семинарот беше реализиран во Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел" и истиот беше спроведен од страна на сертифицирани родови обучувачи од МО и Армијата.
На семинарот учествуваа вкупно 20 лица од МО и Армијата од кои 65 % беа жени а 35% мажи.
Семинарот придонесе учесниците/-чките подетално да ги разберат различните улоги и потреби на жените и мажите во општество, да се стекнат со знаења од областа на родовата еднаквост, односно подигање на родовата свест како и да се запознаат со процесите на интегрирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана, односно Армијата и запознавање и подигање на свесноста во областа на спречување и заштита од вознемирување.

-Во октомври родова обучувачка од Министерството за одбрана беше ангажирана во организација и реализација на две-неделна „Обука за родови обучувачи" во својство на обучувач и лидер на синдикална група, која беше наменета за воени лица-претставници од војската на Тунис. Обуката беше реализирана во Тунис, во организација на НАТО Командата во Брисел и Центарот за безбедносна соработка RACVIAC-Загреб, Република Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM). Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со знаења и вештини, односно да се здобијат со сертификат за родови обучувачи, при што истото беше постигнато.

-Во континуитет се реализираат родови обуки како дел од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во меѓународни мировни мисии. Покрај досегашните стандардни теми поврзани за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325–Жени, мир и безбедност беше вклучена и темата „Заштита од сексуално експлоатација и злоупотреба“ со цел да се подигне родовата свест и да се прошират знаењата на лицата кои се упатуваат во мировните мисии.

Министерството за одбрана со цел да оствари ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука во насока на имплементација на Агендата -Жени, мир и безбедност, ги реализираше следните активности во рамки на с**пецифична стратешка цел 5.2**–Зајакнување на капацитетите–персоналот непосредно вклучен во имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 и Вториот НАП за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 –Жени, мир и безбедност:

**Специфична стратешка цел 5.3** -Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

--Во насока на зајкнување и одржување на регионалната соработка а во организација на UNDP/SEESAC се одржа 9-от регионален состанок на сертифицирани родови обучувачи од Западен Балкан, во месец септември 2024 година во Соко Бања, Србија. Регионалниот состанок имаше за цел да се разменат искуства, научени лекции и споделат добри практики за изведување на родови обуки, а воедно беше утврдена финалната верзија на on-line обука за родовата еднаквост и родовата перспектива, развиена во 3 модули, наменета за персонал од министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан. На состанокот земаа учество 20 претставници од министерствата за одбрана и армиите на Црна Гора, Србија, Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина, а од МО учество земаа 2 претставнички.

-Во организација на Центарот за безбедносна соработка-Раквиак од Загреб, Република Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во септември 2024 година во Хрватска се реализраше две-неделна обука за обучувачи на која родов обучувач од Армијата на Република Северна Македонија беше ангажиран во организација и реализација на обуката во својство на обучувач и лидер на синдикална група.

-Во 2024 година базенот на родови обучувачи од Министерството и Армијата го сочинуваат вкупно 27 (дваесет и седум) НАТО сертифицирани родови обучувачи од кои 18 (осумнаесет) се жени и 9 (девет) се мажи.

**Специфична стратешка цел 5.4** – Зајакнување на институционална комуникација:

-Во првиот квартал во 2024 година од страна на РГ за КМиЕ изработен е Годишен извештај за степенот на реализација на активностите во 2023 година, кој што е

доставен до Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија и до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија (ИРКиСГ ЕМЖМ). Изработен е полугодишен извештај за реализирани активности во 2024 година, односно шесто-месечно брифирање за степенот на реализација на активностите на РГ за КМиЕ, доставен до ИРКиСГ ЕМЖМ. Споменатите извештаи се објавени на веб страницата на МО.

-Членовите на РГ за КМиЕ се во редовна и континуирана комуникација и координација со претставниците од задолжените институции за имплементација на Вториот НАП.

-Редовно се ажурираат и споделуваат информации на официјалната веб страница на Министерството за одбрана, во засебните поддпрозорци кои што се наведени во овој извештај, содржини од родов аспект во списанието ШТИТ кое што воедно е достапно и во електронска форма како и континуирано споделување на информации на социјалните мрежи на Министерството за одбрана и Армијата.

-Министерството за одбрана како членка на НАТО Сојузот, активно учествува во изработка на NATO Summury Gender Report на годишно ниво, а исто така дава свој допринос при изработка и ажурирање на НАТО политиките кои се од доменот на родовата еднаквост и родовата перспектив.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Специфична стратешка цел 5.1**: Запознавање на полициските службеници со принципите на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, преку процесот на основна и континуирана обука:

-Во првата половина од 2024 година се подготвуваше обука на тема „Семејно насилство и насилство врз жени и девојчиња„ и се креираше мобилна апликација „Дигитален прирачник за постапување на полициските службеници по пријава на семејно насилство и насилство врз жени и девојчиња" која ќе биде поставена на платформата, односно на системот за управување со учењето во МВР.

-Во текот на 2024 година Центарот за обука при МВР нема спроведено ниту една континуирана обука кои се спроведуваат на полициски службеници и вработени во МВР на релевантни теми од Резолуцијата 1325, како што се родова рамноправност и спречување на насилство и заштита на жените, од причина што во извештајниот период Центарот за обука работи со намален капацитет, истовремено се одвива реконструкција на објектите во Центарот за обука и се одвива обука на две генерации за полицаец.

-Во извештајниот период дополнета е наставната програма за основите обуки за полицаец за генерација 2025 со содржини од Резолуцијата 1325- Жени, мир и безбедност:.

**Специфична стратешка цел 5.2**: Зајакнување на капацитетите на персоналот непосредно вклучен во имплементација на Вториот НАП за Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

**Специфична стратешка цел 5.3**: Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

- Во првата половина од 2024 година од страна на една жена претставничка од БЈБ на покана на Мрежата на жени полициски офицери на СЕПКА поддржана од ОБСЕ зема учество на работилница на тема „Моќта на ефективната комуникација која се одржа во Вршац, Република Србија. Целта на работилницата беше учесничките да се стекнат со нови вештини и алатки на ефективна комуникација, комуникација под стрес, избор на најдобра реакција и одговор, како и стратегии и алатки за комуникација ориентирани кон резултати, преговори и справување со конфликтни ситуации.

**Друго:**

Во рамки на проектот „Градење хибриден образовен систем во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија" во процес на подготовка се хибридни курсеви кои планирано е да бидат пилотирани во 2025 година. Покрај останатите теми ќе бидат опфатени и теми кои се дел од стратешките цели на прдеметниот оперативен план на МВР:

- Менаџмент на стрес;
- Родови перспективи во полициско работење (курсот планирано е да има четири модули во кои ќе бидат вклучени теми за дискриминација и постапување на полицијата во случаи на родово базирано насилство и семејно насилство) и
- Полициско лидерство (со посебен фокус на женското лидерство).

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија-МНРиНТ**

Стручното оспособување и усовршување на вработените во МНРиНТ е регулирано во рамки на Правилникот за стручно оспособување и усовршување, со цел стекнување повисоко дипломатско звање како основ за кариерен развој на дипломатот и стекнување/ унапредување на специфичните вештини неопходни за вршење на дипломатската професија. Преку организирани семинари, обуки, курсеви, работилници и меѓународни конференции во земјата и странство, покрај водење на сметка за почитувањето на принципот на родовата застапеност во однос на номинирани учесници, се работи и на подигање на свеста за сензибилноста на прашањето за родовата еднаквост.

Во рамки на МНРиНТ продолжува со активности Работната група за родова еднаквост во надворешната политика а во Министерството определен е и претставник – национален координатор за родова еднаквост. Нивна цел е дејствување во насока на промоција и залагање за почитување на принципот на родова еднаквост, преку вклучување на родовите перспективи во надворешната политика согласно меѓународно преземените обврски , меѓу кои и Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.

Во насока на афирмација и континуирано унапредување на родовите перспективи во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија , делегација предводена од заменик-министерка Фатмире Исаки во јануари 2024 година, престојуваше во студиска посета на Париз, при што оствари бројни средби во француското МНР. Тридневната студиска посета, која што се реализира под покровителство на Канцеларијата на UN-women во Скопје имаше за цел согледување на искуствата на Франција во промовирање на родовата еднаквост и алатките што ги применува МНР на Франција со цел поголемо учество и застапеност на жените во креирањето и спроведувањето на надворешната политика. За време на средбите се разменија најдобри практики како и научени лекции како да се унапреди положбата на жените во дипломатијата.

По повод Меѓународниот ден на жените во дипломатијата, во јуни 2024 година, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија се вклучи во организирање на панел дискусија за улогата на жените во меѓународните односи. На настанот, со воведно излагање се обрати заменик министерката за надворешни работи, Фатмире Исаки. На панел дискусијата, покрај раководителката на Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија, учествуваа и низа амбасадори и претставници на дипломатскиот кор во Скопје, кои ги споделија искуствата на нивните земји во поддршка на родово-инклузивни политики и програми за зајакнување на улогата на жените во надворешната политика.

Агендата-Жени, мир и безбедност е еден од приоритети на МНРиНТ и поврзани активности со НАТО. Во тој контекст, претставничка од Директоратот за НАТО во МНРиНТ (задолжена за оваа област), учествуваше на состанок на Специјални претставници за жени, мир и безбедност во НАТО, кој во организација на Специјалната претставничка на ГС на НАТО за ЖМБ, Ирене Фелин се одржа во Брисел. Цел на состанокот беше да се придонесе кон процесот на ревидирање и ажурирање на политиката на НАТО за Жени, мир и безбедност, а која што беше усвоена на Самитот на НАТО во Вашингтон (јули 2024 година). На состанокот беа пренесени нашите очекувања од новата политика на Алијансата во оваа област, а исто така беа пренесени и нашите искуства во имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и

безбедност, како и родово-базирани национални политики во справување со современите безбедносни закани.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Во 2024 година (јануари-октомври) реализирани се четири модули обука за обучувачи за спречување на дискриминација и унапредување на еднаквоста.

Обуките имаа за цел да се обучат идни обучувачи во државните институции кои понатаму своето стекнато знаење во областа на заштитата, превенцијата и детектирањето на дискриминацијата, би го пренеле во своите сектори односно работни места. Обуките вклучуваат проблематики поврзани со дискриминацијата, говорот на омраза и начини како таа да се детектира и спречи, а доколку постои да се изврши едукација која би помогнала за информирање и едуцирање на сите инволвирани институции како би одговориле на потребите на жртвите од дискриминација и говор на омраза. На оваа програма учествуваа учесници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народен Правобранител.

Во рамките на проектот „Зајакнување на владеење на правото и човековите права во Северна Македонија“ која е финансиски подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Министерството за социјална политика, демографија и млади организираше обуки кои се наменети за административни службеници и службенички вработени во органите на локална самоуправа. Целта на обуките е да го зголеми знаењето во однос на дискриминација и еднаквост, да ги зајакне капацитетите на вработените службеници и службенички во однос на принципите на недискриминација, механизмите за заштита, надлежните институции и релевантната домашна законска рамка и меѓународни документи.

Две обуки се реализираа во Скопје, Охрид, Дојран, Берово и Крушево со вкупно 123 учесници од кои 90 жени и 33 мажи со учесници од општините во регионот, додека на 23 и 24 Септември 2024 година се одржа обука во просториите на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање.

**Министерство за образование и наука-МОН**

Министерството за образование и наука за исполнување на целите предвидени во Годишниот оперативен план, ја реализираше специфичната стратегиска цел преку активност за унапредување на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на еднакви можности на жените и мажите.
За реализација на оваа специфична стратегиска цел реализирани се следните активности:
Од страна на Бирото за развој на образованието во текот на 2024 година воведени се нови наставни програми преку изработка на нови наставни програми за седмо, осмо и

Педагошка служба учествуваше на изработка на нов закон за учебници за основно и средно образование во чии одредби е предвидено вклучување на стручни лица/експерти од областа за спречување и заштита од дискриминација.

Реализирани активности од Бирото за развој на образование во 2024 година:

Изработени се нови наставни програми (76 вкупно) кои се базираат на принципите на родова сензитивност/ рамноправност, инклузивност, интеркултурност по наставните предмети за 7 (вкупно 13) , 8 (вкупно 27) и 9 (вкупно 27) одделение и наставни програми за слободни изборни предмети за вториот и третиот период од основното образование (вкупно 9), согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование од 2021 година и воедно обучени се наставници за новите наставни програми.

деветто одделение, односно изработени се нови наставни програми за третиот образовен период, како и програми за слободни изборни предмети за вториот и третиот образовен период во основно образование.

Во рамки на анализа на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.125/2015), извршена е измени на наставните програми и нови учебници. Во 2024 година анализирани се учебници, стручна литература и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование и од аспект на родова сензитивност; 14 стручни мислења за ракописи на учебници и 3 стручни мислења за детски списанија за основно. Одобрени се 35 материјали за учење и прирачници.

Во контекст на измени на наставните програми и нови учебници, изработени се новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование (2021 година) и Националните стандарди кои се потпираат на принципот родовата еднаквост/сензитивност, како еден од клучните принципи, што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта. При изработка на стручни мислења за новите учебници, Бирото секогаш го зема предвид родовиот аспект.

**ЦУК-Центар за управување со кризи**

Во текот на 2024 година вработениод ЦУК учествуваа на следните обуки:

-Обука на тема: „Климатски промени и родова еднаквост", од 27-28 март 2024 година во хотел „Holiday Inn", Скопје. Обуката е организирана од UN Women и МСПДиМ;

-Работилница на тема: „Основна обука за родова еднаквост и воведување на родова перспектива во јавните политики – Прв циклус", од 02-03 септември 2024 година, во

Ресурсен Центар за родова еднакваст, Скопје. Работилницата е организирано од МСПДиМ;

-Работилница на тема: „Основна обука за родова еднаквост и воведување на родова перспектива во јавните политики – Втор циклус“, од 08-09 октомври 2024 година во Ресурсен Центар за родова еднакваст, Скопје. Работилницата е организирана од МСПДиМ;

-„Основна обука за спроведување на родова анализа“, од 27-29 ноември 2024 година во хотел „Радика“, Маврово. Обуката е организирано од МСПДИМ и UN Women.

**Здружение на единиците на локалната самоуправа-ЗЕЛС**

ЗЕЛС во периодот јануари – декември 2024 година ги спроведе следните активности кои се поврзани со унапредување на родовата еднаквост на локално ниво и превенција и заштита на жртви на родово-базирано насилство како дел од Оперативниот план на ЗЕЛС за имплементација на Резолуцијата 1325-Жени, мир и безбедност.

Интегрирање на родовата и миграциска перспектива во социјални услуги во пилот општините Куманово и Делчево, а во рамките на проектот "Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво". 6 учесници од различни таргет групи-претставници на општини и здруженија на граѓани од 6-8 февруари 2024 година ги унапредија своите знаења за интегрирање на родовата перспектива и миграциите на населението при креирање на локалните политики во областа на социјалната заштита и социјална инклузија.

Во рамките на проектот "Зајакнување на општински совети-фаза 2" на 17 април 2024 година беше одржана работилница за говор на омраза и дигитално родово-базирано насилство, како да се препознаат и пресретнат од локалните самоуправи. На работилницата учествуваа вкупно 35 лица, односно советници-членови на тематски работни групи за родова еднаквост, меѓу заедниците и група за млади и младински политики и општинска администрација од 30 општини. Запознавање со поимите дезинформации и дигитално родово базирано насилство и стекнување на нови знаења за креирање на мерки за препознавање на дезинформациите, штетноста на родово базираните дезинформации и ширење преку социјалните мрежи со фокус на жените и девојчињата, механизми за заштита на жртвите. Истата работилница беше одржана на 11 и 13 јуни 2024 година за 45 лица-учесници од општинска администрација од сите општини.

Во рамки на надлежностите на општините во делот на превенција на детско престапништво споделени се знаења и пракси помеѓу Државниот совет за превенција на детско престапништво и Локални совети за превенција на детско престапништво за

организирање на работата и креирање на локални мерки и активности во областа, со целна група членови на Локални совети за превенција на детско престапништво од 11 општини- Источен регион на ден 25 јуни 2024 година за 8 лица и на 10 декември 2024 година 10 лица од општини од Скопски регион.

На ден 15 октомври 2024 година одржана е работилница за развивање на мерки за поддршка на женско претприемништво на локално ниво за 8 лица од општина Штип, Кочани, Кисела Вода, Битола, Демир Хисар.

На ден 5 декември 2024 година одржан е форумот „Здружени“ за ставање крај на родово базираното насилство со 50 лица-Координатори за еднакви можности, советници, пратеници, градоначалници, министри, претставници од даватели на услуги, настан на кој што беа размените искуства и споделени пракси за спроведување на мерки за превенција и заштита на родово базирано насилство.

## III. ЗАКЛУЧОК:

Извештајот е составен врз основа на доставени годишни извештаи за 2024 година за реализација на активностите согласно индивидуалните оперативни планови од задолжените инстититуции и ЗЕЛС до РГ за КМиЕ, со исклучок на ДЗС и Министерството за здравство кои што не доставија годишни извештаи за 2024 година.

Може да се заклучи дека во текот на 2024 година евидентиран е одреден напредок, пред сè во смисла на подигање и зајакнување на родовата свест, интегрирање на жените во повеќе сегменти во општеството, градење и зацврстување на капацитетите на институциите низ призмата на родовиот аспект, но фактичката состојба бара понатамошно и континуирано превземање на конкретни чекори и активности во овој домен, со заедничка акција од страна на сите чинители.

## IV. ПРЕДИЗВИЦИ:

-Потреба од континуирана посветеност на институциите согласно своите надлежности и расположливи капацитети во насока на исполнување на резултатите по однос на стратешките цели од Вториот НАП и Агендата -Жени, мир и безбедност на национално ниво;
-Неопходност од постојаност на номинираните лицата заради континуирана работа од секоја институција задолжена за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност;
-Комплетна и навремена достава на извештаи, брифинзи и податоци за спроведените активности од страна на секоја задолжена институција до РГ на КМиЕ;
-Подготовка за евалуирање на имплементацијата на Вториот НАП за Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност во престојниот период, како и подготовка, односно преземање на следни чекор на нционално ниво за изработка на Трет НАП.

## V. ПРЕПОРАКИ:

-Почитување на предвидената динамика за имплементација на Вториот НАП од страна на задолжените институции, посебно во делот на навремено доставување на извештаи, брифинзи и податоци по основ на Вториот НАП, а со цел поефикасно постигнување на резултатите од оперативните планови;
-Континуирано одржување на комуникацијата и соработката на номинираните лица од институциите со РГ на КМиЕ;
-На институционално и национално ниво да се овозможи градење и зајакнување на капацитетите и компетенциите на вработените во областа на родовата еднаквост и имплементација на родовата перспектива и Агендата -Жени, мир и безбедност.
-Отворената поддршка за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност од страна на авторитети на секое ниво е исклучително релевантна за зголемување на учеството на жените во процесите на донесување на одлуки, во сите сегменти во општеството како и исполнување на целите од Вториот НАП;
-Подобрување на меѓуресорска соработка во предметната област, а во насока на постигнување на резултатите согласно стратешките цели од оперативните планови, како и одржување и проширување на соработката со граѓанскиот сектор, односно невладините организации.

Изработиле: координаторка и членови на РГ за КМиЕ.

**КООРДИНАТОРКА на РГ за КМиЕ**
полковник Антониела Станковска-Будимир

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции во 2024 година;
Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции во 2024 година;

Прилог бр.1: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени по институции[4] во 2024 година




[4] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.

Прилог бр.2: Табеларен приказ на процентуална застапеност на мажи и жени на раководни позиции по институции[5] во 2024 година




[5] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал на позици од командир на чета и повисоко) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.